# „Видови велосипеди“

## ВОВЕД

Постојат различни видови на велосипеди. Најдобриот начин учениците да се запознаат со истите е тој да биде креативен, забавен и иновативен. Со оваа активност учениците ќе имаат можност да ги нацртаат видовите на велосипеди, слушајќи го описот на друг ученик кој ќе има визуелен приказ пред него.

Запознавање со темата велосипедизам.
Видови велосипеди

### Вид на активност:

Оваа активност се спроведува во парови и е многу интересна бидејќи се увидува имагинацијата на детето и способноста да опише предмет.

### Методи и стратегии:

- Метод на разговор
- Метод на цртање
- Визуелен и аудитивен метод на учење

### Потребни материјали

- Листови хартија
- Молив/пенкало/боици
- Слики/цртежи од велосипеди кои се наоѓаат во работниот дел од овој прирачник

Индивидуална работа

Групна работа

30-40 мин.

## Како се спроведува активноста:

-Учениците се делат во парови и не треба да се соочуваат еден со друг, треба да бидат свртени со грб.
-Едниот ученик добива слика/цртеж од велосипед, и почнува да ја опишува сликата што ја гледа (без да открие што е). Додека другиот ученик во парот ги слуша инструкциите и почнува да црта според истите.
-Друг начин на спроведување на активноста е да ученикот кој што црта поставува основни прашања за велосипедот како на пример: какви гуми има велосипедот-мазни, големи, мали, има ли крампони на гумите/дали со велосипедот можам да возам на планина или само во град/дали со него можам да возам на нерамен терен/дали велосипедот има амортизер и сл.
*Идејата на оваа активност е да се види каков цртеж ќе произлезе, без да се види истиот.

## РЕЗУЛТАТ

Учениците преку оваа активност ќе се запознаат со видовите на велосипеди и нивната примена.
Развивање на креативноста и имагинацијата кај учениците.

Ве молиме пополнете ја следната табела со цел подобрување на активностите во иднина и споделете ги со нас вашите одговори на: veloschools.ecologic@gmail.com

| Што ми се допадна од оваа активност? | Што не ми се допадна од оваа активност? | Што би промениле? |
| --- | --- | --- |
| | | |

## Дополнителни информации:

-Сликите од велосипедите се наоѓаат во работниот дел од прирачникот под наслов: Видови велосипеди.

-Мотивирајте ги учениците да ги опишуваат деталите на пример: какви кочници има велосипедот, какво е седлото, каква е бојата на целиот велосипед, дали има корпа, дали има амортизер, дали педалите се пластични/метални/железни и сл.